# З А П И С Н И К

Од Јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот: "Изградба на леарница за железо и производи од железо" во општина Пробиштип, за потребите на инвеститорот ДПТУ "КРАНФИЛД ФАУНДРИ" ДООЕЛ од Скопје

На ден 24.09.2015 година (четврток) во салата на Домот на културата во Пробиштип се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: "Изградба на леарница за железо и производи од железо" во општина Пробиштип. Јавната расправа ја организираше Министерството за животна средина и просторно планирање и започна во 11 часот.

Присутни:

- Александар Петковски – пом. раководител на Сектор за животна средина, МЖСПП;
- Влатко Цветаноски – Советник за постапка за оцена на влијание врз животна средина, МЖСПП;
- Марија Хаџи Николова - Експерт за оцена на влијание врз животна средина "АТРИУМ СТУДИО" ДОО од Штип;
- претставници на инвеститорот, Дариос Цуба – извршен директор на КРАНФИЛД ФАУНДРИ
- Градоначалник на општина Пробиштип, *Тони Тоневски*
- Пробиштип, пратеници во Собранието на Р.М.
- заинтересирани/засегнати граѓани. (Листа на присутни во прилог)

Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

1. Отварање и вовед

Јавната расправа ја отвори и ја водеше Влатко Цветаноски – Советник за постапка за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По кратокиот осврт на постапката за оцена на влијание врз животна средина му беше дадено збор на претставникот на изготвувачот на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина "АТРИУМ СТУДИО" ДОО од Штип - Марија Хаџи Николова експерт за ОВЖС да одржи презентација на Студија за оцена на влијанието врз животната средина за проект.

## 2. Презентација на Студијата

Марија Хаџи Николова ја презентираше Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: "Изградба на леарница за железо и производи од железо" во општина Пробиштип. Во презентацијата на Студијата за ОВЖС беа образложени и елаборирани основните параметри на проектот и беше истакната оправданоста на проектот. Со предложениот проект инвеститорот има намера да проектира и изгради леарница за железо и производи од железо, во општината Пробиштип.На презентацијата беа образложени главните карактеристики на проектот . Локацијата предвидена за изведба на овој проект ќе биде во индустриската зона Неокази во општината Пробиштип. Производниот процес во леарницата за железо и производи од железо може да се подели на неколку дела: Административна зграда, хала за топење со индуктивни печки и затворен склад за секундарно железо, , технолошка линија за леење, постројка за подготовка на калапи/јадра и песок за калапи и машинско одделение. Во халата за топење ќе има две индуктивни печки кои како суровина ќе користат отпадно железо и челик и работат на електрична енергија. Предвидената леарница ќе биде проектирана за производство на 35.000 тони квалитетни железни одливци годишно со две линии за леење со можност за флексибилно зголемување на капацитетот во случај на поголема побарувачка на пазарот.

Консултантот исто така истакна дека во Студијата за ОВЖС се анализирани следниве главни влијанија: квалитет на воздух, квалитет на вода и почва, бучава, управување на отпад и тоа во сите фази од животниот циклус на проектот - фаза на изградба, оперативна фаза и фаза на евентуално престанување со работа. За секое од овие влијанија, по секоја фаза поодделно, предвидени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија.

По завршувањето на презентацијата на Студијата за ОВЖС, Влатко Цветаноски пред да ја отвори дискусијата информираше дека сите заинтересирани можат во рок од 10 дена да доставаат коментари во однос на Студијата за ОВЖС, а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во текот на постапката.

## 3. Дискусија

- *Лилјана Поповска – пратеник во Собранието на РМ*, ја истакна својата загриженост за зголемено и опасно загадување, како и на "скандалозното" презентирање на студијата. Се запраша околу стручноста, компетентноста и професионалноста на изготвувачите на студијата. И покрај големото загадување во сите медиуми во општина Пробиштип и околината како е возможно да се планира изградба *на* ваков тип на проект, изрази загриженост како за заштитата на целиот биодиверзитет така и врз здравјето на луѓето, каде очекува дека ќе има дополнително загадување од 23 тони прашина на годишно ниво. Покрај десетте постоечките капацитети и депонијата од

јаловиштето, ова би било дополнително загадување за градот Пробиштип и околината.

Изрази сомневање околу основање на фирмата КРАНФИЛД ФАУНДРИ, и се што е напишано во студијата е контрадикторно.

Истакна и дека изградбата на леарницата не му треба на Пробиштип, Пробиштип иако има потреба од нови вработувања, има и други начини на решавање на социо-економските аспекти.

На прашањата и констатациите на првиот дискутант одговор даде *Дариос Цуба – извршен директор на КРАНФИЛД ФАУНДРИ.* Сите податоци во Студиајта за ОВЖС се реални и не треба да има сомнеж. Во процесот ќе се користат индуктивни печки кои работат на електрична енергија , не постои загадување на водата и загадување во воздухот нема да се појави. Истакна и дека фирмата има професионалци кои имаат изградено леарници секаде во светот. Го повика претставникот на ГЕМКО кој ќе даде дообјаснување во однос на изведување на проектот.

Техничкиот директор на ГЕМКО, Дан Ван Хегревелд презентираше претходни искуства и истакна дека специјалност им е градење на леарници како и консултативни работи за леарници. Истакна дека старата технологија не е во употреба и е забранета, и дека овде станува збор за нова модерна леарница со вградени нови технологии.

- *Марија Хаџи Николова – претсавник од АТРИУМ.* Истакна дека "АТРИУМ СТУДИО" ДОО од Штип има капацитет и интегритет за изработка на ваков тип на проекти. Во овој проект станува збор за модерна техонологија со затворени системи во која не се употребува кокс и во леарница ќе се користи старо железо без примеси.
- *Лилјана Поповска* истакна дека при посета Будимпешта ја има увидено на бучавата и дека и во овој случај таа нема да може да се нормализира .
- *Тони Тоневски* – градоначалник на Пробиштип. Градоначалникот ги поздрави сите присутни за учеството во јавната расправа, и истакна дека ја поддржува иницијативата за изведување на проектот. Посочи да се даваат реални и точни забелешки за граѓаните да оценат дали потребата од спроведување на овој проект. Во тимот за посета на леарницата во близина на Будимпешта учествувал и самиот и не се согласува со искажаното на Лилјана Поповска.
- *Емил Димитриев – Пратеник во Собранието на РМ* . Предложи да се воведе 24-часовен надзор на сите загадувања и вредностите да бидат јавно објавувани, при што ќе се утврди евентуалното загадување при работата на леарницата. Притоа запраша дали е возможно да се воведе 24-часовен мониторинг на сите загадувања во Пробиштип.
- *Дејан Мираковски – професор на УГД Штип.* Наведе дека во студијата има мерења на цврсти честички од сегашната состојба. Мерењата наведени во студијата се извршени од страна на акредитирана лабораторија и се реални и точни. Исто така предложено е и наведено во студијата, инвеститорот во корелација со општина Пробиштип да спроведе 24-часовен мониторинг, вклучувајќи 4 зони во реално време, почнувајќи од 2016 година во соработка со лабораторијата на УГД Штип.

- *Благој Голомеов – професор на УГД Штип*. Истакна дека и тој бил учесник при посетата во леарницата во Унгарија и истакна дека немало ни прашина ни загадување.
- *Сашо Станковски-советник во советот на општина Пробиштип*. Истакна дека е извршена пренамена на локацијата од Г3 во Г4, како и дека земјиштето е ставено на продажба, и што доколку се јави некој друг купувач за истата локација. Искажа сомнеж и околу набавката на секундарните суровини, како и околу годишниот производствен капацитет на леарницата. Во студијата за ОВЖС има забелешка дека не е наведено како ќе се постапува и одлага згурата од производстовото.
- *Светлана Станојковска – дипломиран биолог*. Постави прашање зошто има потреба од пречистителна станица. Дали ќе има доволно вода за градот и дали ќе се намали притисокот на водата.

  На ова прашање одговор даде градоначалникот, Тони Тоневски, при што истакна дека е добро да се има пречистителна станица за пречистување на фекалини води, а не за отпадни индустриски води. Истакна и дека инвеститорот ќе има потреба од 7литри вода во секунда, а општината има потрошувачка од 50литри вода во секунда. На прашањето каде ќе се чува згурата, одговор даде професорот, Дејан Мираковски и кажа дека згурата не е опасен отпад. Истакна дека опасен отпад се огноотпорните материјали и дека А интегрираната еколошка дозвола ќе го специфицира тоа. Станува збор за 670 тони згура кои се отприлика 20 камиони наполнети со згура и количината дека е мала
- *Светлана Станојковска*, постави прашање околу гасењето на индуктивните печки и запраша околу исплативоста на проектот при што за викендите нема да се работи, со констатација дека во леарницата во Унгарија работат во 3 смени.

  Индукциона печка сама се гасне по престанок на работата, беше одговорено од страна на ГЕМКО.
- *Марко Соколовски – еколошко друштво ГОУ ГРИН - Скопје*. Дали е направено истражување на здравствената состојба на населението на веќе изградени леариници во други држави.

  Од ГЕМКО, одговорија дека во Унгарија од страна на Владата се извршени такви истражувања и веднаш биле достапни до јавноста.
- *Ацо Насевски – рударски инжинер*. Даде коментар дека во Пробиштип за 10 години се иселени 2000 луѓе и дека тоа треба да се спречи. За секој ваков објект има и соодветни решенија за загадувањето и ја поддржува изведбата на овој проект.
- *Славчо Николов – вработен во општина Пробиштип*. Истакна дека во студијата не е опфатено, внесувањето, транспортот и излегувањето на отпадот. Истакна дека ја поддржува иницијативата за отварање на леарницата, но изрази сомнеж околу избраната локација и дека не се согласува со изборот на локација. Истакна дека 23 тони годишно цврсти честички во атмосферата е ништо, но дали во овој случај е многу.

На ова одговор даде *проф. Дејан Мираковски*, при што кажа дека овие 23 тони не се многу и затоа е направена споредбата со 300 домаќинства кои користат огревно дрво за период од една година.

- *Боре Спасовски – дипл. мет*. Прашува каде може да се најде студијата како и ја истакна загриженоста за здравјето на луѓето и заштитата на природата.
  На ова одговор даде претставник на МЖСПП кој кажа дека студијата е достапна на интернет страната на МЖСПП на увид.
- *Марко Соколовски* истакна дека во секоја држава има податоци за загадувањата во воздухот и како е известено населението во општина Пробиштип за одржувањето на јавната расправа.
  На ова одговор даде претставник на МЖСПП кој кажа дека одржувањето на јавната расправа е објавено во весник достапен ан цела територија на Р. Макединија, на интернет страната на МЖСПП како и на локалните медиуми.
- *Светлана Станојковска* постави прашање какви филтри ќе бидат постават и на колку време ќе се менуваат.
  На ова одговор даде претставник од инвеститорот КРЕНФИЛД, дека ќе бидат поставени филтри и дека ќе бидат заштитени и под притисок за да неможат да бидат нечисти.

Други дискутанти не се пријавија и на крај Влатко Цветаноски ја затвори јавната расправа во 15:00 часот, со напомена дека сите забелешки и сугестии можат да бидат доставени во писмена форма до МЖСПП.

Записникот го изговија:
Влатко Цветаноски
Александар Петковски